# СОУ „ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН“ - ВЕЛЕС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 08 - 776/6
12. 12 2024 год.
ВЕЛЕС

**ПРОГРАМА**

**ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЗАВРШНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ТРЕТА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА**

**Велес, 2024/2025 година**

**Програма за изведување на шестдневна завршна екскурзија за учениците во трета година од СОУ "Гимназија Кочо Рацин" - Велес за учебната 2024/2025 година**

## Содржина на програмата за училишна екскурзија:

- Услови за реализација;
- Воспитно-образовни цели;
- Задачи;
- Содржини и активности;
- Раководител на екскурзијата, професори и ученици;
- Тим за водење на екскурзијата;
- Времетраење на екскурзијата;
- Локации за посета и правци на патување;
- Техничка организација;
- Начин на финансирање;
- Обврски на учениците и раководителите на екскурзијата;
- Стручен тим
- Кодекс на однесување на учениците на екскурзијата;
- Изјава од родителот /старателот.

***Врз основа на член 24-а став 11 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99,29/02, 40/03, 42/2003, 67/04, 55/05, 113105, 35106, 30107, 49/07, 81 /08, 92/08, 33/10,116/10, 156110, 18/11, 51111, 6/12, 100112, 24/13 и 41/14), и врз основа на член 6 од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта, донесен од Министерството за образование и наука со број 07-9992/3 од 05.06.2014 година***

На предлог на директорот на училиштето - Илија Попов, на седницата на Училишниот одбор одржана на ден --------------- година, донесена е одлука за формирање на посебен Стручен тим (Стручниот тим го сочинуваат директорот на училиштето, раководителот на екскурзијата, класните раководители, стручните соработници и дел од наставниците кои реализираат настава во траење од најмалку една година во паралелките кои одат на екскурзија ).

**1.** За подготовките ***од стручно - педагошко - организационен и безбедносен карактер*** во изведувањето на оваа завршна училишна екскурзија за учебната 2024 /2025 година е формиран стручен тим во состав:

1. Илија Попов – директор
2. Марија Стојановска - педагог
3. Анита Смилевска – психолог
4. Ленче Перчинковска – дефектолог
5. Сашко Николовски – раководител на паралелка
6. Александра Стојановска – раководител на паралелка
7. Петранка Стојанова – раководител на паралелка и заменик раководител на екскурзијата
8. Зоран Јованов – раководител на паралелка
9. Благица Аризанова Шопов – раководител на паралелка и раководител на екскурзија
10. Жанет Јанев Сарагиновски – наставник

Завршната екскурзија е со општ карактер и треба да ги задоволи следните цели:

**2. Општа цел на екскурзијата се**:

1. Усвојување и проширување на знаењата од повеќе области;
2. Развивање нови интереси и проширување и продлабочување на постоечките;
3. Запознавање со културно-историските, национални и естетски вредности на други држави;
4. Примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на одредени појави, природните убавини, културно-историските знаменитости на поблиската и пошироката заедница;

## 3. Воспитно - образовни задачи на екскурзијата

1. Запознавање со културата, историјата и други знаменитости на други држави;
2. Запознавање со културата,стилот на живеење и други занимливости на поедини области и региони, држави и градови;
3. Формирање позитивен однос кон националните, интернационалните, културно-историските и естетски вредности на други места;
4. Развивање,потикнување и манифестирање позитивни емоции спрема други луѓе;
5. подобрување и воспоставување на меѓусебните релации, развивање и негување на другарство низ заеднички прошетки,солидарност, рекреација и забава;
6. Формирање и потикнување демократски ставови преме материјални и духовни добра;
7. Развивање и потикнување колективна свест и заштита (спрема материјална и општествена/животна средина).
8. Да ги прошири веќе стекнатите знаења за природните убавини на Република Унгарија, Република Австрија, Република Италија и Република Србија

## 4. Содржини и активности

- Посета и набљудување на познати нацинални, културно-историски места, локалитети и знаменитости на Република Унгарија, Република Австрија, Република Италија и Република Србија.
- Организирање прошетки, посета на организирани настани, организирање забавни интерактивни вечери, крстарење со брод и сл.
- Рекреативни активности соодветни за возраста и интересот на учениците со активно учество на професорите;
- Одмор и релаксација со слушање музика

## 5. Раководител, наставници и ученици

Раководител и одговорен професор за екскурзијата именува Директорот од редот на наставниците кои реализираат настава во паралелките со кои ќе се изведе екскурзијата.
За раководител на екскурзијата е именуван Благица Аризанова Шопов професор по англиски јазик и раководител на паралелка III – 5, а за заменик раководител на ексурзијата е именувана Петранка Стојанова – професор по хемија и раководител на паралелека III-3.

Паралелки и класни раководители кои ќе бидат вклучени во изведување на екскурзијата:

III-1 - Александра Стојановска
III-2 - Зоран Јовановски
III-3 - Петранка Стојанова
III-4 - Сашко Николовски
III-5 – Благица Аризанова Шопов
Ученици кои ќе присуствуваат на екскурзијата се од паралелките : **III-1, III-2, III-3, III-4, III – 5**

## 6. Времетраење на екскурзијата

Завршната екскурзија (која се организира еднаш во текот на средното образование, во почетокот на завршната IV година или на крајот на претходната учебна година ќе трае најмногу 6 (шест) дена со 4 (четири) ноќевања и ќе се реализира во месец- прва половина на месец мај.

Почитувајќи го интересот на учениците и родителите (анкетен прашалник) во однос на екскурзијата, предвидено е истата да се релизира на релација (локации за посета и правци на патување):

**Велес - Будимпешта – Виена – Венеција – Белград – Велес**

**Прв ден: Велес – Будимпешта**
Состанок на групата и заминување од Велес кон Будимпешта. Ноќно возење со попатни одмори и царински формалности.

**Втор ден: Будимпешта** Пристигнување во Будимпешта во раните утрински часови. Посета на неколку знаменитости – Плоштадот на хероите, Базиликата Св. Стефан, Парламентот како и цитедалата со прекрасната панорама на градот. Крстарење со брод по Дунав. Ноќевање.

**Трет ден: Будимпешта – Виена**
Виена посета на плоштадот Рингштрасе, палатата Хофбург, Парламентот, дворците Белведере и Шембрун, Виенската Опера, катедралата Св. Стефан и др. Време предвидено за одмор и шопинг. Ноќевање.

**Четврт ден: Виена – Венеција**
Прошетка низ Заспаната убавица од средниот век, плоштадот и црквата Сан Марко, мостот Риалто, мостот на воздишките, Дуждевата палата, каналот Гранде. Слободно време за индивидуални прошетки и упатување кон Лидо ди Јесоло со ноќевање.

**Петти ден: Венеција – Белград**
Пристигнување во Белград, панорамско разгледување на Белград, Калемегдан, Кнез Михајлова, Скадарлија. Ноќевање и дискотека во Белград.

**Шести ден: Белград – Велес**
Тргнување од Белград и упатување кон Велес со со попатни одмори и царински формалности.

При посета на овие локалитети, знаменитости и слични објекти, учениците со предавања од страна на лиценцирани туристички водичи, ќе имаат можност да се запознаат со природните, историските, географските и културните одлили на овие земји што пак ќе придонесе за збогатување на знаењата и искуствата на учениците и нивното културно издигнување во општествениот систем на живеење. Прекуј реализацијата на оваа екскурзија со општ воспитно – образовен карактер учениците ќе ги прошират своите сознанија од повеќе наставни предмети (македонски јазик и литература, историја, географија, германски јазик, социологија, ликовна уметност, музичка уметност и др.). На тој начин теоретските

сознанија со кои располагаат ќе ги дополнат со практични и искуствени сознанија кои ќе им бидат корисни во понатамошното школување и живот.

### 7. Техничка организација на изведувачот

Техничката организација на екскурзијата е под надлежност и водство на избраниот оператор кој треба да ги исполни критериумите утврдени во член 21 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности за учениците од средните училишта, а особено:

- Екскурзијата да биде изведена со висококвалитетен автобус (со клима уред и телевизор) обезбеден од страна на агенцијата која ќе ја изведува екскурзијата;
- Да има обезбедено претставник од агенцијата, односно водич, а, при посетата на локалитети да има организирано локални водичи;
- Обезбедување соодветна здравствена заштита со присуство на доктор и потребна медицинска опрема за прва помош прилагодена за патнички и теренски услови;
- Обезбедување соодветни услови за сместување: хотел со (најмалку) 3 ѕвезди, мени на исхрана (со организиран доручек и вечера во хотелот во кој ќе се престојува);
- Обезбедено патничко и здравствено осигурување на учениците;
- Обезбедување влезници за посета на знаменитости и организирање на забавни вечери.

**Техничката организација помогната од**: ***стручен тим, комисија за прибирање на понуди за организација на екскурзија и професионална туристичка агенција избрана преку Барање за прибирање понуди, која треба да ги исполнува следниве минимални услови***:
- да е регистрирана согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност,
- да има успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности во последните три години,
- да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца,
- понудата на понудувачот кој не ги исполнува минималните услови ќе биде одбиена од страна на Комисијата како неприфатлива.

### 8. Начин на финансирање

- ✓ екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите, со можност за плаќање на рати, вклучувајќи поволности за ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства, попусти за плаќање во готово и попусти на повеќе членови од едно семејство;
- ✓ цените во понудите да бидат фиксни, односно да нема корекција на цени во текот на реализација на договорот;
- ✓ во цената да влегува патничкото и здравствено осигурување на учениците.

## 9. Обврски на учениците и раководителите на екскурзијата

Обврските и одговорностите на учениците, класните раководители, раководителот на екскурзијата и членовите на стручниот тим ќе бидат конкретизирани во Кодексот за однесување на учениците за време на училишните екскурзии.

Кодексот за однесување на учениците ќе ги содржи следниве содржини:

- Задолжително почитување на законите на нашата држава и државите во кои се изведува завршната екскурзија;
- Достојно претставување на своето училиште, градот и државата;
- Забрана за консумирање на алкохол, употреба и трговија со дрога, пиротехнички материјали;
- Забрана за носење секаков вид на оружје;
- Забрана за нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување, булинг, дискриминациа и нанесување на материјална штета;
- Забрана за оддалечување од групата без дозвола на одговорниот професор и др.

Врз основа на Кодексот за однесување на ученикот и неговиот родител/старател потпишуваат изјави дека при изведувањето на екскурзијата учениците ќе ги почитуваат одредбите од Кодексот. Потпишаната изјава ученикот му ја предава на класниот раководител, најдоцна три дена пред изведувањето на екскурзијата.

На ученикот кој за време на училишната екскурзија не го почитува Кодексот на однесување на учениците за време на екскурзијата, Наставничкиот совет му забранува учество во наредните ексурзии и предлага да му се изрече педагошка мерка.

| 10. СТРУЧЕН ТИМ | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Име и презиме** | **Работна позиција** | **Своерачен потпис** |
| 1. | Илија Попов | Директор | |
| 2. | Марија Стојановска | Педагог | |
| 3. | Анита Смилевска | Психолог | |
| 4. | Ленче Перчинковска | Дефектолог | |
| 5. | Александра Стојановска | Класен раководител | А. Стојановска |
| 6. | Зоран Јованов | Класен раководител | |
| 7. | Петранка Стојанова | Класен раководител – Заменик раководител на екскурзијата | |
| 8. | Сашко Николовски | Класен раководител | |
| 9. | Благица Аризанова Шопов | Класен раководител и раководител на екскурзијата | |
| 10. | Жанет Јанев Сарагиновски | Професор | |

**Раководител на екскурзијата:**

_______________________________

**Благица Аризанова Шопов**

СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС